**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Снежана Андреевска**
**именуван за подрачјето на**
**Основен Граѓански суд Скопје**
**и Основен Кривичен суд Скопје**
**Бул. Кузман Јосифовски Питу бр. 28/5-11**
**тел.02 2463 026**

**Образец бр.66**

**И.бр.2186/20**

Извршителот Снежана Андреевска од Скопје врз основа на барањето за спроведување на извршување од заложниот доверител КАПИТАЛ БАНКА АД Скопје од Скопје со ЕМБС 5111056, ЕДБ 4030996254241 и седиште на ул.Никола Кљусев бр.1, засновано на извршната исправа Нотарски акт Договор за залог (Хипотека) врз недвижен имот ОДУ бр. 954/2012 од 03.09.2012 година на Нотар Анета Петровска Алексова од Скопје и Нотарски Акт Анекс бр. 1 Договор за залог(Хипотека) врз недвижен имот ОДУ.бр.1339/2012 од 27.11.2012 година на Нотар Анета Петровска Алексова од Скопје и Решение СТ-24/16 од 02.05.2018 година на Основниот суд Куманово, против должникот Друштво за посредување, реконструкција и санација на недвижен имот Агенција БИМ-ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје - во стечај, со ЕМБС 6386733, ЕДБ 4030008038970 и седиште на ул. Ленинова бр. 36 Центар и заложниот должник Друштво за производство, трговија, градежништво и транспорт ШМЕКИ КОМ ДООЕЛ експорт-импорт Куманово – во стечај, со ЕМБС 5831733, ЕДБ 4017004147850 и седиште на ул. Индустриска ББ Куманово, за спроведување на извршување, на ден 14.10.2021 година го донесува следниот:

# З А К Л У Ч О К
## ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА
### (врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) и 205-а од Законот за извршување)

СЕ ОПРЕДЕЛУВА прва продажба со усно јавно наддавање на посебен дел од недвижен имот содржан во лист за предбележување на градба бр.51785 за КО Кисела Вода 2, при АКН – Центар за катастар на недвижности Скопје означена како:
- КП.бр. 693, ред.бр.32, влез: 001, кат: 04, број: 026, намена на посебен/заеднички дел од зграда и друг објект: стан, со внатрешна површина 51 м2 и
- КП.бр. 693, ред.бр.33, влез: 001, кат: 04, број:026, намена на посебен/заеднички дел од зграда и друг објект: Помошни површини (тераса, лоѓија, балкон), со внатрешна површина 4 м2,

со сите припадоци, прирастоци, доградби и надградби, сега и во иднина, со право на сопственост на заложниот должник Друштво за производство, трговија, градежништво и транспорт ШМЕКИ КОМ ДООЕЛ експорт-импорт Куманово – во стечај, со ЕМБС 5831733, ЕДБ 4017004147850 и седиште на ул.Индустриска ББ Куманово.

Продажбата ќе се одржи на ден 09.11.2021 година во 11:00 часот во просториите на Извршител Снежана Андреевска од Скопје, на адреса бул. Кузман Јосифовски Питу бр.28/5-11, во Скопје.

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок на извршителот И.бр.2186/20 од 14.10.2021 година, изнесува 43.237,20 ЕВРА во денарска противвредност по средниот курс на НБРСМ на денот на продажбата, под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености : Налог за извршување по чл.166 од ЗИ, хипотека во корист на заложниот доверител.

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 210065586400209 која се води кај НЛБ Банка АД Скопје и даночен број 5032010500238.

Данокот на промет на недвижности и други трошоци во врска со пренос на правото на сопственост паѓаат на товар на купувачот.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање - дневен весник Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората.

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

ИЗВРШИТЕЛ
Снежана Андреевска

Д.-на: должник
заложен должник
заложен доверител
Град Скопје
МФ-УЈП - Регионална дирекција Скопје

**Правна поука**: Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд на територијата каде што ќе се спроведува извршувањето согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.